Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 53/0306
04.02 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 јануари 2021 година, врз основа на примена жалба од Маја Јовановска за интернет – порталот „Регион.мк“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 јануари 2021 година, новинарката Маја Јовановска поднесе жалба текстот со наслов „Антониа Гиговска се повеќе провоцира – ги рашири нозете и го покажа деколтето без градник“, објавен на 21 јануари 2021 на интернет - порталот „Регион.мк“ (www.region.mk).

Во жалбата се наведува дека наведениот текст отстапува од начелата во Кодексот на новинарите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
## НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако стапи во контакт и со интернет - порталот „Регион.мк“ и со подносителката на жалбата, Маја Јовановска.

Најпрво, уште пред формално да почне постапката пред Советот за етика, до Извршната канцеларија самоиницијативно се обратија од порталот „Регион.мк“, откако од самата жалителка биле информирани дека ќе бидат предмет на жалба пред Советот. Од медиумот појаснија дека оспорената содржина ја презеле од друг интернет – портал и дека се свесни за непријатностите што ги предизвикал текстот, поради што, како што потенцираат, веќе го отстраниле текстот.

*„По само два часа, на нашите Фејсбук пејџови има низа од недолични коментари (за кои не можеме ние да влијаеме освен да ги избришаме, над 20-тина коментари од нашаа страна беа „сокриени/hide“, но и покрај тоа имаше дел од недолични коментари од нашата публика, за која пак ќе нагласиме, не можеме ништо да сториме, поради што и решивме да го повлечеме текстот.“,* посочија од „Регион.мк“ во одговорот на жалбата.

Дополнително, од порталот истакнаа дека силно ги осудуваат сите недолични коментари, особено против жените. На крајот, од „Регион.мк“ наведоа дека веќе стапиле во контакт со Антониа Гиговска, пејачката која била нападната со недолични коментари од нивните следачи на социјалните платформи, дека упатиле извинување и дека оставиле простор, доколку сака да даде било каква изјава, по што истата би ја објавиле.

Подносителката на жалбата, Маја Јовановска, во комуникацијата со Советот за етика, информираше дека е задоволна од постапката на медиумот и дека прифаќа постапката да

биде затворена по пат медијација, односно помирување.  Советот го затвори случајот, откако прво констатираше дека порталот „Регион.мк“ ја отстранил спорната содржина.[1]

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација, треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

[1] https://region.mk/%d0%b0%d0%bd%d1%82%d0%be%d0%bd%d0%b8%d0%b0-%d0%b3%d0%b8%d0%b3%d0%be%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d1%81%d0%b5%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b5%d1%9c%d0%b5%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%86%d0%b8%d1%80%d0%b0?fbclid=IwAR0nTjjWdB5TjMGEZFSO5sQS3PEm4POg3zlPCYA4H6AWig9nOGBpo3Lasj0

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595